*ПЕТАР МИЉКОВИЌ-ПЕПЕК*

# ЕДЕН ВО НАУКАТА НЕПОЗНАТ ПЕЧАТ ОД МАНАСТИРОТ СВ. НАУМ*

Откако бугарскиот научник Ив. Гошев ја објави својата студија за петте печати на манастирот Св. Наум во 1940 година,[1] до неодамна тоа беше единствен увид во доменот на сознанијата за печатите на овој манастир. Тој ги објави и ги протолкува на извесен задоволителен научен начин, според своето време, петте печати на манастирот што се наоѓаат во Синодалниот црковен музеј на Софија. Меѓу нив особено внимание го привлекуваат само два печата поради нивната иконографска содржина и нивното рано хронолошко потекло. Најстариот или т.н. „патријаршиски" печат е изработен во бронза и Иван Гошев го поставува во широки хронолошки граници (меѓу 1394 и 1767), но определувајќи се повеќе за првата половина на XVI век,[2] додека вториот печат има своја прецизно испишана година — 1774.[3]

Дури од неодамна, во 1983 и 1985 година, врз проблемите за ови епечати одново се пишува во научната литература, со намера да се дадат извесни нови проучувачки резултати и да се појаснат проблемите на нивната иконографска содржина и хронолошкото потекло.

Во овој поглед особено внимание заслужува студијата на Н. Целакоски кој изнесува податоци за поинакви толкувања на претставите врз најстариот печат поврзани со зачуваните преданија,[4]

---

* Овој печат беше предходно обелоденет во „Нова Македонија" (од 28 јуни 1986, стр. 12).

[1] Ив. Гошев, Старитѣ печати на манастира Св. Наум въ Македония, Сборникъ въ паметъ на проф. Петъръ Никовъ, Известия на българ. истор. д-во; XVI—XVIII, София 1940, 93—117.

[2] Ист. ц д., 102, 103.

[3] Ист., ц. д., 104—105.

[4] Наум Целакоски, Преданијата и старите печати на манастирот Свети Наум Лихнид, Зборник на трудови, 5, Охрид 1983, 14—Г22.

потем укажува дека софискиот печат претставува подоцнежна копија на еден сличен печат во новопронајдениот Летопис за манастирот Св. Наум[5] и на крајот смета дека овој „патријаршиски печат" бил направен во времето на охридскиот архиепископ Јоасаф (1719—1745).[6] Критички забелешки за хронологијата на овој печат изнесува и Ц. Грозданов, сместувајќи го во втората половина на XVII век.[7]

Меѓутоа, за извесни иконографски содржини и хронолошкото потекло на овие, засега, два познати најстари печата на манастирот Св. Наум нашите проучувања укажуваат на делумно поинакви сознанија. Поконкретно врз основа на претставата на Наумовиот хрм со една купола на двата печата тие хронолошки не можат да потекнуваат порано од крајот на XVII или пред 1711 година, бидејќи дури во овој период според нашите анализи се сместува обновата на Наумовиот храм со подигањето на куполата над наосот на црквата.[8] Таква најстара еднокуполна претстава на Наумовата црква е насликана и врз иконата од 1711 година.[9] Друго важно ново сознание се однесува на една прикажана клекната личност врз двата печата десно од фигурата на Св. Наум. За неа има различни толкувања. Бугарскиот научник Ив. Гошев општо ја определува како паралитички оболена личност која поради Наумовата чудотворна моќ со рака покажува на светителот; а значајно е што текстот испишан на турски јазик (изгледа точно протолкуван) се зборовите што тој ги упатува („тој е тој") за некакво чудо кон Св. Наум.[10] Подоцна, Н. Целакоски се обидел да ја поврзе оваа илустрација со слична содржина во легендите сочувани од поново време за манастирот Бигорски и манастирот Св. Наум и да ја претстави оваа личност не како парализиран маж, туку како турски бег со „чаша" зад него врз која е испишана споменатата сентенца на турски јазик.[11] Меѓутоа, со оглед на фактот дека ваква композиција не е позната во сиот досега зачуван иконографски репертоар од циклусите со сцени посветени на Св. Наум (од 1711 и 1799)[12] тогаш на ваквото идентификување на сцената мора сè уште да се гледа со извесни резерви. Ова дотолку повеќе што од нашите анализи засега е вистинит фактот дека тука се работи за една клекната личност со војничка облека и опрема. Тој е несомнено со војничка метална кацига на главата, и со голем пер-

[5] Ист., ц. д., 13—14, сл. 1; Летописот на манастирот Свети Наум, Наум Охридски, Историски архив на Охрид, Охрид 1985, 25—62.

[6] Ист., во Лихнид 5, ц. д., 23.

[7] Цветан Грозданов, Портрети на светителите од Македонија од IX—XVIII век, Културно историско наследство XX, Скопје 1985, 205, 206.

[8] П. Миљковиќ-Пепек, Некои погледи врз архитектурата на манастирската црква Св. Наум, Наум Охридски, Историски архив на Охрид, Охрид 1985, 81.

[9] Ист., ц. д., 81.

[10] Ив. Гошев, ц. д., 94—96.

[11] Наум Целакоски, во Лихнид 5, ц. д., 16 и натаму.

[12] Спор. Ц. Грозданов, ц. д., 221.

дуфен украс. А не помалку говори и фактот за неговата куса панцирна доколенична облека (каква што ја имаат и многуте воини претставени на средновековните фрески во Македонија).[13] По се изгледа не е точно дека тој држи со левата рака „патерица" како паралитичен маж, туку дека е тоа, можеби, според нашите гледања, меч на оваа непозната воена личност. Па затоа во овој контекст изгледа дека зад него (со испишан турски текст) не стои „чаша", туку сопствениот штит за чие Наумово чудо и со Наумовата вчудоневиденост тој се борел.

Во контекстот на ваквите поинакви согледувања за претставата на непозната воинствено облечена личност со штитот зад неа на која што е испишана на турски јазик споменатата сентенца (а над истиот на грчки јазик зборот „чудо"), мора да се верува дека се работи за некакво чудо сторено од Св. Наум на некаква турска угледна воена личност. Врз овие основи следи заклучокот дека вакво чудо станало многу подоцна, дури во турскиот период, па затоа оваа претстава не е вклопувана во хагиографските циклуси од сцени посветени од Св. Наум. Дали ова чудо станало по уривањето во XV век на Наумовиот првобитен храм[14] по наредба на некој турски поглавар или пак тоа е онаа поглаварска турска личност со чија помош по светителското чудовидение било овозможено да се обнови Наумовиот разрушен храм,[15] тешко е засеѓа да се прецизира. Меѓутоа, не е невозможно дека ова чудо денес изгледа би можело да се препознае во некоја од зачуваните народни преданија, затоа што тие се доста модифицирани и прилагодувани кон современите конкретни турски личности од XIX век (силниот дебарски поглавар Јусуф-бег, бегот од Подградец, Али-паша Јанински, Џеладин-бег или неговиот внук Ракип-бег и др.).[16]

Во рамките на вакви сознанија за двата најстари печати и воопшто за досегашното постоење на вкупно шест печати на манастирот Св. Наум ние овде сакаме да ги обелодениме и податоците за уште новопронајден печат од манастирот што досега не е познат во научната јавност. За новооткриениот печат на манастирот Св. Наум најнапред сме обврзани да укажеме на неколку негови суштествени технички и историски податоци. Имено, тој по својата форма е кружен со дијаметар 56 мм, изработен во резба врз дрво, а по облик вообичаен за дрвените печати со кус правоаголен испуст како дршка висока од 17 до 19 мм (слична на дрвените резби за „проскури"). Под правоаголната дршка печатот е заоблен кон основата со мал пуплест испуст за означување на горната негова страна. Височината на печатот мери (бидејќи е искривена по форма) од 36 до 37 мм.

---

[13] Примерите се во црквите: Перивлептое, Нагоричино, Никита и др.

[14] Спор. Р. Миљковиќ-Пепек, ц.д., 77 (со постара литература).

[15] Ист, ц. д., постара литература во забел. 1.

[16] Наум Целакоски, ц. д., 16—25.

Овој досега во науката непознат печат на манастирот е дојден до нас благодарение на љубезното ставање на располагање за неговото проучување и објавување од страна на Весна Коцевска, како и од страна на неговиот денешен приватен сопственик Илија Димовски.

За подетално информирање околу сопствениците на овој дрвен печат прибрани се следните податоци: Илија Димовски е син на Спиро Димовски кои порано живееле во една стара куќа во Охрид на ул. Даме Груев сега срушена. Дедо му Илија споменувал дека во оваа стара куќа порано живеел некој трговец и најверојатно нему му припаѓал овој печат.

На печатот се чита следниот грчки испишан текст со неколку делумно оштетени букви: +Η ϹΦΡΓΙϹ ΤΟϒ ΙΕΡϒ ΜΟΝΑϹΤΗΡΙΟϒ ΤΟϒ ΑΓΙΟϒ ΚΙ (sic) ΘΕΟΦΟΡΟϒ ΠΑΤΡΟϹ ΗΜΨΝ ΝΑΟϒΜ ΤΟϒ ΘΑϒΜΑΤΟϒΡΤΟϒ 1774
во превод гласи: ПЕЧАТОТ НА СВЕШТЕНИОТ МАНАСТИР НА СВЕТИОТ И БОГОНОСЕН НАШ ТАТКО НАУМ ЧУДОТВОРЕЦ 1774. Ваква идентична содржина на текстот со годината е веќе позната од печатот на овој ист манастир што се чува во Синодалниот црковен музеј во Софија.[17]

Меѓутоа, покрај извесни разлики во буквите, уште позабележителни се и разликите на нивните централни претстави на печатите. Пред сѐ, различни се формите во претставувањето на фигурата на Св. Наум — додека на печатот од софискиот музеј има барокна драперија на облеката, на нашиот печат облеката има традиционален поствизантиски ликовен третман. Разликите се забележливи и во претставата на количката со 4 тркала зад фигурата на Наум каде се впрегнати волот и мечката, а исто така и самата претстава на манастирската црква во позадината со двете куполи. За разлика од софискиот печат каде од десната страна на фигурата на Св. Наум е претставена гранка (како симбол на Наумовото исцелително чудотворство), на нашиот печат овој симбол недостасува, како и самата сигнатура на Св. Наум.

Сите забележливи разлики меѓу овие два печата јасно упатуваат на заклучокот дека тие биле изработени од различни мајстори и дека биле едновремено употребувани од 1774 година наваму за потребите на манастирот. Поконкретно, двата печата биле сигурно изработени со цел да се заменат двата постари печата со „патријаршиска" содржина на текстот бидејќи од 1767 година ваквиот автокефален статус на Охридската архиепископија е конечно укинат.[18]

Мора овде да се истакне дека мошне драгоцени податоци што ги даваат двата современи печата од 1774 година се забележуваат во претставата на Наумовиот храм со двете куполи (особено појас-

[17] Ив. Гошев, ц. д., 104.

[18] Ив. Снегаров.

но прикажано врз новооткриениот печат). Ваквата претстава на Наумовата црква со уште еден аргумент повеќе денес ја поткрепува нашата поранешна претпоставка околу уточнувањето на времето кога биле изградени двете куполи на сегашниот Наумов храм. Имено укажано е дека кон крајот на XVII век, односно речиси непосредно пред 1711 година, треба да се смести обновувањето на Наумовиот храм (како IV фаза од изградбата) со подигањето на куполата над наосот на црквата; а во V фаза на обновувањето, од околу 1770 и 1773 година, била подигната куполата над нартексот на црквата.[19] Ова хронолошко уточнување беше сторено врз основи на две војводински икони каде што Наумовиот храм е најрано претставен со две куполи.[20] Тоа денес го потврдува и новооткриениот печат од 1774 година создаден овој пат во непосредна средина на манастирот Свети Наум. Ваков веристички ликовен однос на мајсторот на печатот кон формите на Наумовиот храм (многу поизразит отколку врз печатот во софискиот музеј) изгледа не е само резултат на неговите желби да се пројави неодамнешната актуелност за обновата на црквата и формални настојувања да се удоволат барањата на порачувачот, и како резултат на самата личност која овде пројавува творечка смисла на непосреден набљудувач.

Во настојувањето да се дојде до извесни податоци за самиот анонимен мајстор на овој новооткриен печат единствени се засега скромните можности на анализите на неговите творечки остварувања. Во историско-политичкиот контекст. пред сѐ е нужно да се сврти вниманието на претходната епоха од времето на обновувањето на Пеќката патријаршија (1557) до укинувањето на охридската архиепископска самостојност (1767). Во ова историско поглавје особено паѓа во очи енергичната политичка активнст на митрополитетот сисанитски Зосима (1686—1746)[21] и архиепископот Јоасаф (1719—1745)[22] кои покренувале значајни преговори со Австрија за ново црковно државно уредување меѓу источноправославните христијани на Балканот.[23] А тоа воедно донекаде била и спротивставена политика на современите акции од страна на српските црковни поглавари Арсение III Чарноевиќ (по 1690) и Арсение IV (1741).[24] Нема сомнение дека точно

---

[19] Спор. П. Миљковиќ-Пепек, ц. д., 81.

[20] Ист., ц.д., заб. 80 (со наведената литература).

[21] И. Снегаровъ, История на Охридската архиепископия—патриаршия, София 1932, 247—249; S. Varnalidis, Zosime, archecèque d'Achdida (1686—1746) et son activité ecclésiastique, Thessaloniki 1974, 63—119.

[22] Спор. заб. 21.

[23] Особено кај S. Varnalidis, ц. д.

[24] Спор. М. Костић, Устанак Срба и Арбанаса у Старој Србији против Турака 1737—1739 и сеоба у Угарску, Гласник Скопског научног друштва, VII —VIII, Скопље 1930, 203—234; Д. Медаковић, Историске основе иконографије Св. Сава у XVIII веку, Сава Немањић — Свети Сава, Београд 1979, 397 и понатаму.

во нивното време и со нивни иницијативи започнува засилен подем на издавачката дејност на Балканот и надвор од него.

За сите вакви или слични историско политички активности во Македонија биле несомнено повикани најдобрите мајстори, уметници на резбарската, графичката и граверската вештина што веќе ја познавале оваа нова занаетчиско-уметничка креативност. Точно такви мајстори одамна и биле познати на Македонија. Во турскиот период, а и претходно економично се наложувало барањето на многуте побарувачи (ктитори) да се изведуваат дела во дрво. За нивната вештина и високите ликовни остварувања веќе традиционално негувани во Македонија говорат делата на голем број вакви вешти анонимни мајстори: двете порти во црквата Св. Константин и Елена во Охрид (1476/7),[25] надвратниците и довратниците на црквата Богородица Порфира на Преспа,[26] двете порти на Трескаец во Прилепско или на Слепче во Демирхисарско,[27] многубројни икони или крстови во резбана техника и други.[28] Во овој поглед не малку се значајни и самите остварувања за потребите на графичките илустрации иако од нив се зачувани само мал број, на пример. Точно во времето на такви непосредно претходни или современи мајстори од Македонија им припаѓаат делата на анонимните гравери од украсите во Мосхополската Аколутиа (1740/41)[29] или претходната дејност на познатиот Христифор Жефаровиќ по потекло од Дојран кој ја развил својата дејност во Војводина и Виена (од 1735/41 и 1743 година).[30] Значи, гледано во чисто ликовен поглед на оваа, веројатно, плејада од македонски резбари, гравери и сите други, слични на оваа мајсторска вештина, уметници му припаѓа и анонимниот мајстор — резбар во дрво на овој новопронајден печат на Наумовиот храм. Валоризирајќи ја неговата творечка надареност мора да се истакне дека тој зазема угледно место меѓу многуте свои современици и предходници кои го негувале творештвото од доменот на применетата уметност во Македонија, но, за жал, и натаму ќе останат во темнина сознанијата за некои негови други поголеми творечки дела остварени во Македонија во текот на втората половина од XVIII век.

---

[25] Спор. Г. Суботић, Св. Константин и Јелена у Охриду, Београд 1971, стр. 46, 47.

[26] S. Pclekanidis? Bizantina., in Eteria Makedonikon spudon 35, Thessaloniki 1960, 94, pin. XXX; N. Mautsopoulos, Ekrisies tu nomu Florinis, in Eteria Makedonikon spudon 79, Thessnloniki 1964, Pin. 8.

[27] Петар Момировић, Иконографија дубровачких врата манастира Слепча, Зборник за ликовне уметности 6, Нови Сад, 55—68 (со постара литература).

[28] Зоја Личеноска, Македонската црковна резба во XVIII и XIX век, Гласник на Етнолошки музеј, I, Скопје 1960, 79—130; Мирјана Боровић-Љубинковић, Средњевековни дуборези у источним областима Југославије, Археолошки институт, посебна издања, књ. 5, Београд 1965, 1—140.

[29] Ц. Грозданов, ц. д., 208, сл. 74, 73.

[30] П. Колендић, во Гласник Историјског друштва, Нови Сад 1921; М. Коларић, Српска графика XVIII века, Београд 1953; Д. Давидов, во Каталог Галерије Матице Српске, Нови Сад 1961; Д. Медаковић во Л. М. С. 1962.

*P. MILJKOVIC-PEPEK*

## UN SCEAU INCONNU DANS LA SCIENCE DU MONASTÈRE DE SAINT NAUM

Au début de l'article sur le sceau nouvellement découvert, l'auteur fait la revue critique des connaissances actuelles sur les sceaux qui se trouvent au Musée du Synode de Sofia et aux Archives d'Ohrid. Il note lá certains problèmes chronologiques et quelques interprétations incorrectes des présetations iconographiques sur les deux sceaux les anciens.

Le sceau nouvellement découvert est identifié comme l'un des sceaux du monastère de Saint Naum et est daté de l'an 1774. Les analyses de sceau nous adressent aux conclusions suivantes: le sceau est créé au milieu meme du monastère; il soutient encore une fois l'hypothèse de l'auteur sur le temps de la construction de la coupole du narthex (environ les ans 1770—1773) et le maitre du sceau se range parmi les artistes — sculpteurs en bois les plus habiles des arts mineurs en Macédoine de la seconde moitié du XVIII siècle.



Сл. 1. Печатот од Синодалниот музеј во Софија (од крајот на XVII или пред 1711 година)
Fig. 1 Le sceau du Musée du Synode de Sofia (fin du XVII ou avant l'an 1711)



Сл. 2. Печатот од Архивот во Охрид (од крајот на XVII или пред 1711 година)
Fig. 2 Le sceau des Archives d'Ohrid (fin du XVII ou avant l'an 1711)





Сл. 3. Печатот од Синодалниот музеј во Софија (од 1774 година).
Fig. 3 Le sceau du Musée du Synode de Sofia (de l'an 1774)
Сл. 4. Новооткриениот печат во Охрид (од 1774 година)
**Fig. 4 Le sceau nouvellement découvert d'Ohrid (de l'an 1774)**



**Сл. 5. Новооткриениот печат во Охрид (од 1774 година)**
**Fig. 5 Le sceau nouvellement decouvert d'Ohrid (de l'an 1774)**



Сл. 6. Новооткриениот печат во Охрид (од 1774 година)
Fig. 6 Le sceau nouvellement Découvert d'Ohrid (de l'an 1774)